# МОНИТОРИНГ *извештај*

## ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РМ

## Извештај број 2

(период на известување:
октомври 2018 - јануари 2019 година)

Скопје, февруари 2019

ЗГОЛЕМЕН ЈАВЕН НАДЗОР ВРЗ РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Институт за човекови права

**Проект:**
**Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РМ**

**Имплементатор:**
Институт за човекови права

British Embassy Skopje

Funded by UK Government

Оваа публикација е подготвена во рамки на проектот „Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РМ“, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# Вовед

Мониторинг-извештајот за работата на Судскиот совет на РМ, во период од октомври 2018 до јануари 2019 година, е изработен во рамки на проектот *„Акција за поголема транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет на РМ“*[1], за мерење на транпарентноста, отчетноста и ефективноста на Судскиот совет на Република Македонија (ССРМ).

Институтот за човекови права има за цел полесно и посеопфатно да ги оцени транспарентноста, отчетноста и ефективноста во работењето на Судскиот совет преку присуство на јавни седници, следење на веб-страната на Судскиот совет и преку слободен пристап на информации од јавен карактер.

## Измени на законот за Судски совет

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судовите и новиот Предлог - закон за Судскиот совет на РМ[2] с доставени до Собранието на РМ. Објавениот текст на страната на ЕНЕР[3] беше Предлог-закон за измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет, а до Собранието на РМ беше доставен нов Предлог-закон за Судскиот совет на РМ. Иако во меѓувреме се одржаа стручни дебати за предлог измените на Законот за судови и Законот за Судски совет на РМ, ресорното министерство не нè извести за промените и за конечниот текст кој бил доставен до Собранието.

Во меѓувреме, Венецијанската комисија донесе Мислење за Законот за Судски совет и Законот за судови.[4]

Во Мислењето е наведено дека во иднина би било корисно да се појаснат работите што се регулирани со Законот за судовите и оние што се регулирани со Законот за Судскиот совет на РМ, со цел да се избегне паралелизам и преклопување помеѓу двата закони. Дополнително, конкретни коментари се изнесени за одредбите што се однесуваат на: изборот на судии (член 45 и 46), изборот на претседатели на судови (член 47), привременото упатување и распределување на судии (член 39 и 40), престанокот на судиската функција (член 73), полесни и потешки дисциплински мерки (членови од 74 до 78) и одалечувањето од судиската функција за време на постапката за утврдување одговорност (член 67).

Од Мислењето може да се увиди дека препораките (мислењата) дадени од Институтот за човекови права, во однос на постапката за утврдување одговорност на судии и претседатели на судови, се инкорпорирани во истото.

1 http://www.ihr.org.mk/project.php?pid=357

2 Венецијанската комисија донесе Мислење за Законот за Судски совет и Законот за судови. Во Мислењето е наведено дека во иднина би било корисно да се појаснат работите што се регулирани со Законот за судовите и оние што се регулирани со Законот за Судскиот совет на РМ, со цел да се избегне паралелизам и преклопување помеѓу двата закони. Дополнително, конкретни коментари се изнесени за одредбите што се однесуваат на: изборот на судии (член 45 и 46), изборот на претседатели на судови (член 47), привременото упатување и распределување на судии (член 39 и 40), како и за престанокот на судиската функција (член 73).

3 Единствен национален електронски регистар на прописи – *ЕНЕР*, https://ener.gov.mk/

4 На 116-та Пленарна седница на Венецијанската комисија, одржана на 19 и 20 октомври 2018 г. беше усвоено Мислење бр. 927/2018 (CDL-AD(2018)022) за Законот за судски совет и Законот за судови. Од приложеното Мислење може да се увиди дека реакциите (мислењата) дадени од Институтот за човекови права, во однос на постапката за утврдување одговорност на судии и претседатели на судови, се инкорпорирани во истото. https://www.venice.coe.int/webforms/documents/default.aspx?pdffile=CDL-AD(2018)022-e

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ССРМ

## Транспарентност преку отворени седници на ССРМ

| | Октомври | Ноември | Декември | Јануари |
|---|---|---|---|---|
| **Отворени седници** | **4** | **3** | **3** | **1** |
| **Затворени седници** | **/** | **/** | **2 точки од дневен ред нејавни** | **/** |

## Видови објави

| Вид на објава | Навременост | Целосност | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **Соопштение** | Навремено | Делумно целосно | Соопштенијата за одржаните седници се насловени како „Соопштение за седница...“ или „Соопштение од седница...“ со број на седницата. Се наведуваат само усвоените точки од дневниот ред, без да има образложение.<br>Соопштението за јавност за седницата на која беше потврдена листата на кандидати за членови на Судски совет за прв пат содржеше подетални информации со листа на кандидатите.<br>Останатите соопштенија се насловени како: „Соопштение“. Соопштенијата генерално се однесуваат на посети и состаноци кои членовите на Судскиот совет ги одржале како и соопштенија со информации за медиумите. |
| **Одлуки** | Делумно навре-мено | Целосно | Во овој период се објавени само одлуки за избор на судии и претседатели на судови. Сепак одлуките за избор сега се посодржајни и содржат информации за сите пријавени кандидати. |
| **Записници** | Делумно навре-мено | Целосно | Објавувањето на записниците временски е поврзано со усвојувањето на седницата на ССРМ, а тоа може да биде и по неколку недели од седницата за која се однесува записникот.<br>До сега, по точките кои се затворени за јавноста, гласањето во овој дел не е објавено во записниците. |
| **Извештаи** | Навремено | Делумно | Кварталните извештаи за работа на судовите, како и Годишниот извештај на ССРМ се објавуваат редовно. Но, не се објавуваат друг тип извештаи, ниту статистички податоци или анализи. |
| **Заклучоци** | Навремено | Делумно | За прв пат е објавен заклучок со кој се известуваат граѓаните дека примените претставки по мејл не се прифаќаат, дека на примените мејлови ќе биде одговорено, дека е потребно доставување претставка која мора да биде своерачно потпишана. |

## Известувања за пошироката јавност

За активностите на претседателот и членовите на ССРМ, може да се дознае од соопштенијата што се објавуваат на веб-страната.

**Претседателот на Судскиот совет, на една од седниците, ги извести членовите за изјавата дадена пред една телевизиска куќа во текот на претходниот ден, која, според него, била извадена од контекст. Медиумот пренел дека Судскиот совет на седница ќе го разгледува утврдувањето одговорност на судии поврзани со Извештајот на Специјалното јавно обвинителство. Во изнесеното појаснување претседателот смета дека Советот, како орган, нема надлежност да разгледува извештаи на други органи, вклучувајќи го и Извештајот на Специјалното јавно обвинителство.**

**Претседателот на Судскиот совет, кој по службена должност е и претседател на Судскиот буџетски совет, со соопштение ја информираше јавноста во врска со изнесените реакции во медиумите за исплатата на додатоците на плата за судиите.**

Претседателот на Судскиот совет на РМ и на Судскиот буџетски совет одржа и средба со новинари и со заинтересираната јавност по повод одлуката на Судскиот буџетски совет за обезбедување средства наменети за доделување како додатоци на плата на судиите во РМ кои се предвидени со закон.

Тој наведе дека овие средства се дел од годишниот Судски буџет, дека истите не преставуваат покачување на платата на судиите од 35 %, не се исплаќаат секој месец и Судскиот буџетски совет ги обезбедува врз основа на законската можност што е дадена (истата важи и со години се применува за Јавното обвинителство и за Специјалното јавно обвинителство), а на претседателите на судовите им е оставено да одлучат дали овие обезбедени средства ќе ги распределат на судиите. До сега се избегнуваше ваквата практика на доделување додатоци на плата за судиите поради тоа што со Законот за судска служба не е предвидена оваа можност за стручните соработници во судовите во РМ, како што е тоа предвидено за стручните соработници во Јавното обвинителство и во Специјалното јавно обвинителство. По тој повод Престседателот неколку пати разговарал со Министерството за правда и со Министерството за финансии на РМ.

По повод додатоците на плата за судиите тој истакна дека на повидок е проблем, судиите се побуниле затоа што се ставени во нееднаква положба со обвинителите, притоа еден судија пред Основниот суд Тетово успеал да добие првостепена пресуда за исплата на овие додатоци. Ова претставува опасност за Судскиот буџет, доколку оваа пресуда биде потврдена од второстепениот суд, и истата би можело да биде користена како пилот-пресуда и да предизвика бран тужби од судиите и сериозно да го оштети судскиот буџет.

**Судскиот буџетски совет донесе и Одлука за исплата на надоместоци и за членовите на Судскиот совет, што предизвика бурни реакции во јавноста. Министерката за правда излезе со соопштение дека ова е противзаконско и дека ќе бидат преземени соодветни мерки.5 Оправданоста на оваа одлука на медиумите им беше образложена од претседателот на Судскиот совет, со одговор на медиумско прашање.6 Судскиот совет и Судскиот буџетски совет не излегоа со официјално соопштение за оправданоста на одлуката. На 30.1.2019 година се усвоија Правилниицте за додатоци на плата, нивната висина и начинот на утврдување за членовите на Судскиот совет на Република Македонија, судиите и судската служба, како обрска што произлезе од Законите за измените и дополнувања на законот за платите на судиите7 и Законот за изменување и дополнување на судска служба8. Овие правилници треба да добијат согласност од Министерот за финансии за да стапат на сила.**

## ОТЧЕТНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Годишниот извештај за работа на Судскиот совет, за 2016 година, кој беше доставен до Собранието на РМ во јули 2017 година, беше разгледуван во септември 2018 г. во Собранието на РМ, а на 9.1.2019 година не се усвои од Собранието на РМ, и тоа со 57 гласа ПРОТИВ, еден ЗА и еден ВОЗДРЖАН.

За Извештајот за 2017 година, иако е доставен до Собранието на РМ, пратениците се‘ уште не гласале.

Судскиот совет не излезе со соопштение за јавноста во врска со неизгласувањето на Извештајот за 2016 година.

Ревизорски извештај

Според конечниот извештај за извршената ревизија на финасиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2017 година на Судскиот совет на РМ, Државниот завод за ревизија констатирал позитивно финансиско работење, во согласност со важечката законска регулатива. Во ревизорскиот извештај е наведено дека постои неусогласеност на средствата што се предвидени со Законот за судска власт со оние кои судската власт ги добива од Буџетот на РМ. Најголем дел од средствата се наменети за плати и само мал дел за капитални трошоци и инвестиции за развој на Судската власт.

5 Изјава на Министерската за правда Рената Дескоска за надоместоците за плата на членовите на ССРМ: https://makfax.com.mk/makedonija/%D0%B4%D0%B5%D1%81%D0%BA%D0%BE%D1%81%D0%BA%D0%B0-%D0%BE%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%83%D0%B4%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D1%81%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%82-%D0%B7/

6 Изјава на Претседателот на Судски совет на РМ и на Судскиот буџетски совет за надоместоците за плата на членовите на ССРМ: https://www.pravdiko.mk/video-karadhovski-nema-skandal-vo-odlukite-za-dodatotsi-na-plata-za-chlenovite-na-sudskiot-sovet/

7 Службен везник на РМ бр. 248 од 31 декември 2018

8 Службен везник на РМ бр. 248 од 31 декември 2018

## ЕФЕКТИВНОСТ НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Избор на судии: Октомври 2018-јануари 2019 година

| Суд | Избран кандидат | Пријавени кандидати | Реден број на конечна ранг листа на избраниот кандидат |
|---|---|---|---|
| Апелациски суд Скопје за кривична област | Лирие Елези Ајрулау- судија на Основен суд Скопје 1 Скопје | 23 кандидати кои ги исполнуваат условите согласно со законот. | 1 |
| Виш управен суд | Субхи Јакупи - поранешен член на Државна изборна комисија | 29 кандидати, од кои двајца кандидати не ги исполнуваат условите согласно со законот за потребен стаж од 8 години на правни работи во државен орган. Пет од кандидатите не се јавиле на закажаното тестирање за полагање психолошки тест и тест за интегритет. Останатите 22 кандидати ги исполнувале условите согласно со законот. | 1 (од конечната листа на кандидати - припадници на заедниците кои не се мнозинство во РМ). |
| Управен суд | Елизабета Васкова - државен советник во Судскиот совет на Република Македонија | 60 кандидати. Една од поднесените пријави е ненавремена, 9 (девет) пријави се со некомплетна документација, 2 (двајца) кандидати не ги исполнуваат условите согласно со законот за потребен стаж од 5 години на правни работи во државен орган. Седум кандидати не се јавиле на закажаното тестирање за полагање психолошки тест и тест за инегритет, а еден кандодат ја повлекол пријавата. | 2 (од конечна ранг-листа на кандидати за избор на 2 судии на Управен суд – *Македонска националност*) |
| Управен суд | Имсале Хасани – помлад соработник во Основен суд Тетово | 60 кандидати. Една од поднесените пријави е ненавремена, 9 (девет) пријави се со некомплетна документација, 2 (двајца) кандидати не ги исполнуваат условите согласно со законот за потребен стаж од 6 години на правни работи во државен орган. Седум кандидати не се јавиле на закажаното тестирање за полагање психолошки тест и тест за инегритет, а еден кандидат ја повлекол пријавата. | 9 (од конечната листа на кандидати - припадници на заедниците кои не се мнозинство во РМ). |

## Избор на претседатели: Октомври 2018-јануари 2019 година

| Суд | Избран кандидат | Пријавени кандидати | Реден број на конечна ранг- листа на избраниот кандидат |
|---|---|---|---|
| Апелациски суд Скопје | Лидија Димчевска – судија во Апелациски суд Скопје | 11 кандидати кои ги исполнуваат условите согласно со законот. | 3 |
| Основен суд Крушево | Лидија Андреска - судија на Основен суд Крушево | 1 кандидат кој ги исполнува условите | |
| Основен суд Берово | Ленка Симевска - судија на Основен суд Берово | 1 кандидат кој ги исполнува условите | |
| Основен суд Дебар | Илир Исени - судија на Основен суд Дебар | 3 (тројца) кандидати кои ги исполнуваат условите согласно со законот | 1 |

За прв пат во постапката за избор на судии и претседатели на судови сите членови на Судскиот совет поединечно ги образложуваа причините кои се основа за нивниот глас. Оваа обврска произлегува од законските измени, а истата ја практикуваат само за судиите кои се избрани за претседател на суд или за судија во повисок суд, но не и за судиите кои не се избрани, а имаа повисок број бодови од избраните судии.

Постои подобрување во однос на транспарентноста во начинот на избор на судии со тоа што за време на седниците кандидатите образложуваат зошто за одреден кандидат гласаат ЗА, и воедно одлуките за избор на претседатели и судии се објавуваат на веб страницата на Судскиот совет и содржат информации за сите пријавени кандидати како: образование, години на стаж, бодови од редовно оценување и националност. Резултатите од анонимната анкета за мислење за кандидатите за судии се достапни само во објавената одлука за избор на судија на Апелационен суд Скопје – кривична област- припадници на заедници кои не се мнозинство во РМ.

Од друга страна, резултатите од анонимната анкета немаат значење во формирањето на ранг-листата.

Одлуките за избор, иако содржат потатоци за сите кандидати, сепак не содржат образложение зошто одреден кандидат е избран, иако не е прв на ранг- листата.

**Изборот за судија во Врховниот суд на РМ за кривична област, се одложи. И покрај утврдената конечна ранг-листа уште на 30 октомври, на која се одлучи гласањето да се изврши на некоја наредна седница, истото до сега не е закажано .**

Во јануари 2019 година е објавен оглас за избор на нови судии за Управниот суд на РМ. Со изборот на овие судии ќе се пополнат сите испразнети места во Управниот суд. Инаку, овој суд до сега е оценуван како ажурен.

За Управниот суд во моментов можат да конкурираат и лица кои имаат најмалку пет години стаж на правни работи во државен орган, со потврдени резултати во работата  Меѓутоа, со најновите законски измени кои се во процедура на усвојување во Собранието на РМ, се предвидува, за судија на Управниот

суд да може да биде избрано само лице кое ја завршило почетната обука за судии и јавни обвинители, или има работно искуство од најмалку четири години непрекинат судиски стаж како судија во основен суд до моментот на пријавувањето за избор и кое, од страна на надлежен орган, е оценето со позитивна оцена, согласно со закон, и е меѓу првите пет рангирани кандидати на огласот.

Со пополнување на сите места во Управниот суд, во овој момент, се остава сомнеж од изигрување на ситуацијата во однос да се пополнат судиските места со лица надвор од судството, додека не се донесат најновите измени кои се во собраниска процедура.

Овде подвлекуваме дека, за споредба, на апелациските судови, како и на Врховниот суд, со години не им се пополнуваат упразнетите места кои треба да бидат пополнети согласно со систематизацијата.

## Избор на членови на Судски совет на РМ

За прв пат, по препораките дадени од Институтот за човекови права, Судскиот совет на РМ ја објави листата на кандидати за членови на Судскиот совет. Сепак, оваа листа беше објавена како дел од соопштението за одржана седница, а не како посебно соопштение, со што ќе се обезбедеше поголема јасност за кандидатите.

Во иднина,потребно е, освен листа на кандидати со имиња, да се објави и кратка биографија или линк со биографиите на кандидатите, објавени на веб страните на судовите, со цел сите судии кои директно гласаат за член на Советот да бидат запознаени со кандидатите.

На 10.12.2018 година **се спроведе избор за членови на Судскиот совет од редот на судиите на Република Македонија**, **во сите судови** на територија на Република Македонија, при што гласаа судиите запишани во Судскиот изборен именик.

За член на Судскиот совет на Република Македонија, од редот на судиите **од Врховен суд** на Република Македонија, е избран:

- **Киро Здравев;**

За член на Судски совет на Република Македонија, од редот на судиите **од апелациското подрачје на Скопје** и од управните судови, е избрана:

- **Гордана Спиревска;**

За член на Судскиот совет на Република Македонија, од редот на судиите **од апелациското подрачје на Гостивар,** е избран:

- **Зоран Теофиловски;**

За член на Судскиот совет на Република Македонија, од редот на судиите од **апелациското подрачје на Штип,** е избрана:

- **Лорета Горгиева;**

За член на Судскиот совет на Република Македонија, од редот на **судиите припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Македонија,** за целата територија на Република Македонија, е избран:

- **Мирсад Сурољи.**

На следниот линк е достапен **табеларен преглед за гласањето во судовите, за секој кандидат.**

**Судскиот совет ја донесе Годишната програма за работа на Советот, со Акциски план за 2019 година, што како законска обврска се предвиде со измените на Законот за Судскиот совет.**

**Формиран е Центар за информациско-комуникациска технологија, аналитика и статистика, при што, со одлука на Судскиот совет, во него се распоредија тројца вработени од Судскиот совет, бидејќи Министерството за финансии нема одобрено средства за вработување соодветен персонал, и покрај законската обврска и заложбата да се формира овој Центар како стратешка цел.**

## Утврдување одговорност на судија или претседател на суд

Советот расправаше и по точки од дневниот ред кои беа затворени за јавноста – за постапки за утврдување одговорност на судија или претседател на суд. За овие постапки, кои се тајни, нема посебни соопштенија, ниту објавени одлуки за запрена или завршена постапка на страната на Судскиот совет.

## Претставки

| **Октомври 2018 – Јануари 2019 година** | |
|---|---|
| **Број на разгледани преставки** | Околу 150 |

Институтот за човекови права изготви мобилна апликација за следење на работата на Судскиот совет. Апликацијата може да ја преземете БЕСПЛАТНО на Google Play Store и на Apple Store под името „Судски совет под лупа“. Тука ќе ги најдете сите тековни информации и квартални извештаи изработени во рамките на проектот „Зголемен јавен надзор врз работата на Судскиот совет на РМ“.

ANDROID APP ON Google play

Available on the App Store